ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

ПРЕПОРАКИ ЗА ОРГАНИЗАТОРИ НА ТРАНСПОРТ/ПРЕВОЗ НА СТОКИ

Дезинфекција и хигиена на работниот простор

Организаторот на транспортот во своите простории и санитарни чворови, треба да обезбеди **хигиена и редовна дезинфекција** од овластена служба за тоа

Ограничување на групирање на возачите

Да **ограничи истовремено присуство** на поголема група на возачи во работните простори, односно да овозможи присуство на принцип еден по еден возач.

Прием и издавање на документи

Да се обезбеди изолирано место за шалтерска работа, за прием и издавање на документи кои ја пратат стоката (доколку постојат технички можности во објектот)

Пропратна документација

Пропратната докуметација на стоката, која возачот ја носи со себе, треба да е спакувана во посебна папка или пластични фолии, кои повремено треба да се дезинфицираат.

Хигиена на возилата за транспорт

Возилата кои се користат за транспорт на стока, посебно кабината на возачот, потребно е **редовно да се чистат и дезинфицираат** (по можност на секои 24 часа).

Заштитни средства и средства за дезинфекција

Возилата да се опремат со заштитни средства (ракавици и маски) како и средства за лична хигиена и средство за дезинфекција за возачот.

Транспортни коридори

Пред почеток на транспортот **да се приберат информации** за сите дозволени коридори на движење во секоја држава, кои возачот ќе ги користи во текот на транспортот на стоката. Да прибере информации за состојбата со COVID-19, како и потребните барања во поглед на заштита од COVID-19, за секоја држава.

НАПОМЕНА: Во случај на непосреден контакт со позитивен случај на **COVID-19** (лабораториски потврден) без разлика дали има или не симптоми, вработениот веднаш да се изолира и случајот да се пријави на еден од јавно објавените контаки.

ВНИМАВАЈТЕ!!! **Доколку се појават симптоми на COVID-19** веднаш да се прекине со управување на товарното возило и да се постапи согласно препораките на компанијата или надлежните институции и да се јави на еден од јавно објавените контакт броеви во државата во која се наоѓа.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; http://fva.gov.mk/; https://oshwiki.eu/;